Врз основа на член 58 став (8) и (10), член 59 став (3), (6) и (10) и член 61 став (5) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012, 13/2013, 164/2013, 44/2014, 192/2015 и 30/2016), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување, на седницата одржана на 25.05.2016 година, донесе

**Правилник**
**за измена и дополнување на Правилникот за членство**
**во задолжителен пензиски фонд**

Член 1

Во Правилникот за членство во задолжителен пензиски фонд (Службен весник на Република Македонија бр. бр.55/2013 и 89/2014) во член 3 став (2) по зборовите: „месеци за кои фондот работи, сведен на годишно ниво“ се додаваат зборовите:

„Доколку фондот $i$ работи помалку од 36 месеци, а повеќе од 12 месеци, тогаш како вредност за $R_i$ се зема поголемата вредност помеѓу: приносот во номинален износ на задолжителниот пензиски фонд $i$ и просекот од приносите во номинален износ на сите постојни задолжителни пензиски фондови вклучувајќи го и приносот во номинален износ на задолжителниот пензиски фонд $i$.“

Член 2

Во член 10 ставот (3) по зборовите: „или со распределба во задолжителен пензиски фонд“ зборовите:„од страна на Агенцијата“ се бришат.

Член 3

Во член 11 ставот (1) зборовите: „три месеци“ се заменуваат со зборовите: „една година“

Ставот (3) се менува и гласи:

„(3) Друштвото до Агенцијата доставува копија од договорот за членство на третиот работен ден по истекувањето на рокот од осум работни дена за раскинување на договорот, по што Агенцијата преку Фондот на ПИОМ врши проверка на рокот за склучување на договор за членство. По извршената проверка, Агенцијата го известува друштвото дали податоците од договорот за членство може да се доставаат преку информацискиот систем на Агенцијата во Регистарот на членови.“

Член 4

Во член 16 ставот (3) се менува и гласи:

„(3) Доколку Агенцијата прими податоци од друштвото за осигуреник кој потпишал договор за членство во задолжителен пензиски фонд, а во евиденцијата на Фондот на ПИОМ нема податоци за тој осигуреник, Агенцијата преку информацискиот систем го известува Фондот на ПИОМ и ја одложува регистрацијата на членот. Агенцијата преку информацискиот систем го известува друштвото дека регистрацијата на членот има статус на чекање. “

Во ставот (5) по зборот „ПИОМ“ се додаваат зборовите:„ преку информацискиот систем“.

Член 5

Во членот 18 по зборот: „друштвото“ се додаваат зборовите:„ преку информацискиот систем“.

Член 6

Во членот 21 зборовите:„да ги коригира податоците и да ги достави до Агенцијата со“ се заменуваат со зборовите: „да достави до Агенцијата“.

Член 7

Во член 23 став (1) точката б) по зборот:„правилник“ запирката изборовите:„заверена на нотар“ се бришат.

Член 8

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, освен одредбата од член 7 на овој правилник која влегува во сила на 30.07.2016 година.

Бр. 01-726/5
07.06.2016 година
С к о п ј е

Претседател на Советот на експерти,
д-р Булент Дервиши с.р.